Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје,** за кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) т.е подигнување на долни ниски гранки на 3 (три) дрвја, кои се наоѓаат на Кеј 13 Ноември – **Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје, ул. "Лондонска" бр. 8,** поднесе до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-2910/2** од **12.06.2023** година, за кастрење на дрвја т.е подигнување на долни ниски гранки што се наоѓаат на Кеј 13 Ноември – **Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвјата предмет на барањето имаат крошни со ниски и надвиснати гранки кои пречат заради изведба на градежни работи при дотур на материјал согласно Правосилно одобрение за изградба и реконструкција на топловод А1 по Кеј 13-ти Ноември УП1 бр. 27-7 од 23.05.2023 год. издадено од Општина Центар.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, т.е да се подигнат долните ниски гранки од крошните на дрвата, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-2910/2/1**
**22.06.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**
____________________

**Пом.Раководител на Сектор**
**Драги Митковски**
____________________

**Раководител на Сектор**
**Зоран Лапевски**
____________________

**По овластување на**
**Градоначалник на Град Скопје**
**Секретар на Град Скопје**
**Зоран Глигоров**
____________________________